МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
Број на сертификат:
СТ-16/3-023

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

УП1 Бр.104-35/19
04.02.2019 год.

Ул. Аминта Трети бр. 2
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 14 став (3) од Законот за квалитет и безбедност на ѓубривата, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 154/15 и 39/16), а во врска со член 4, 5 и 6 од Правилникот за постапката и документацијата за евидентирање и содржината на евиденцијата за ѓубривата кои се увезуваат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/09), по поднесено барање на **ДТУ „АГРОМАРКЕТ ИГОР“ ДООЕЛ с.Владиевци, Струмица**, со барање УПбр.104-35/19 од 23.01.2019 година и решение за овластување за потпишување на акти и решавање на прашања и други работи од надлежност на Секторот агрохемија со бр. 02-8521/1 од 16.08.2018 година како и во диспозитивот на ова решение го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

за евидентирање во Листата на ѓубрива, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата

на подносителот **ДТУ „АГРОМАРКЕТ ИГОР“ ДООЕЛ мв. Голем Рид, бр.202 с.Владиевци, Струмица**, за евидентирање на неорганското ѓубре **“SOLUSOP 51“** во Листата на ѓубрива, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, произведено од правното лице **“AGRI. FE. M Ltd” Agios Loannis, Stefani, Aspropirgos, Attica, Грција** кое е увезено во Република Македонија од горенаведениот субјект и препакувано и истото се пушта во промет на територијата на Република Македонија под следните услови:

## 1.ПОДАТОЦИ ЗА ЃУБРЕТО:

**Физичко-хемиски својства:**

| Параметар | Добиена вредност | Декларирани вредности |
|---|---|---|
| Влага % | 0,1 | 0,1 |
| Облик | кристално | кристално |
| Боја | бела | / |
| Мирис | нема мирис | нема мирис |
| Растворливост % | 100 | 100 |

| Параметар | Добиена вредност | Декларирани вредности |
|---|---|---|
| ($K_2O$) Калиум растворлив во вода % | 51,00 | 51,00 |
| ($SO_3$) Вкупен сулфур % | 43,00 | 43,00 |

**2.СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ:**

**Дејство:**
**SOLUSOP 51** се користи во поледелство, градинарство, овоштарство, лозарство, расадничко производство како и во шумарството. Ова неорганското ѓубре се користи во земјоделското производство.

**Начин на делување:**
**SOLUSOP 51** е неорганското ѓубре со присуство на еден макроелемент калиум и еден есенцијален микроелемент сулфур. Овие два хранливи елементи се неопходни за растенијата и интензитетот на фотосинтеза како и квалитетот и квантитетот на земјоделските култури директно зависи од овие елементи. Поради големата содржина на калиум, многу успешно го корегира и го спречува недостатокот на калиум во земјоделскати култури. Ова неорганско ѓубре има брзо и продолжено дејство кое како форма е наменето за сите фенофази на раст и развој на земјоделските култури.

**Начин на примена:**
**SOLUSOP 51** наоѓа примена во поледелството, стрните жита, пченка, соја, сончоглед, фуражни култури, во тутунопроизводството, градинарство, цвеќарството, украсните растенија, овоштарство и лозарство.

**Количини на примена:**
Количината на примена на ова неорганско ѓубре зависи од претходно направените анализи на почвата како и обезбеденоста на почвата со хумус (органска материја) како и останатите макро и микро хранливи елементи. **SOLUSOP 51** се аплицира по пат на прихрана или преку системот за новоднување. Истото може да се користи пред почетокот на вегетацијата како и за време на вегетацијата.

**Ефекти од примена:**
**SOLUSOP 51** влијае врз снагата на ртење, ртливоста на семето, масата на 1000 зрна, хектолитарската маса и принос,

издолжувањето на клетките и органите, ја зголемува лисната маса и активноста на фотосинтезата, развојот на кореновиот систем.

**Мерки за претпазливост:**
Заштита на работниците. После работа, задолжително миење на раце и изложените делови на телото.

**Заштита на животната средина:**
Да не се контаминираат површинските води и останатите водени текови со неорганското ѓубре или со амбалажа. Складирање и чување: **SOLUSOP 51** да се чува во оригиналното пакување, цврсто затворен на безбедно место. Чувањето да биде надвор од дофат на сончевите зраци и светлост на температура од +5 до 25°C.

**Транспорт:**
Ова неорганското ѓубре не е класифицирано како опасна материја што се однесува на транспортот.

**4. ПАКУВАЊЕ:**
Производителот и застапникот се должни ѓубривото да го пуштат во промет во оригинално прописно пакување, декларација и упатство на македонски јазик

**5. РОК НА ВАЖЕЊЕ:**
Ова решение важи 5 (пет) години од денот на издавање на решението.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**ДТУ „АГРОМАРКЕТ ИГОР" ДООЕЛ, мв. Голем Рид, бр.202 с.Владиевци, Струмица**, поднесе барање УПбр.104-35/19 од 23.01.2019 година во својство на увозник на неорганското ѓубре **"SOLUSOP 51"** произведено од правното лице **"AGRI. FE. M Ltd" Agios Loannis, Stefani, Aspropirgos, Attica, Грција** за евидентирање на неорганското ѓубре **"SOLUSOP 51"** во Листата на ѓубрија, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата. Фитосанитарната управа при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, а во согласност со доставениот извештај и стручно мислење бр.09-6/961-2 од 28.12.2018 година од Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје донесе Решение за запишување на горе споменатото ѓубре во Листата на ѓубрија, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.Со преглед на доставената документацијата се утврдува дека барателот ги исполнува условите предвидени со член 14 став (3) од Законот за квалитет и безбедност на ѓубрињата,

биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“бр. 27/14, 154/15 и 39/16), а во врска сочлен 4,5 и 6 од Правилникот за постапката и документацијата за евидентирање и содржината на евиденцијата за ѓубриињата кои се увезуваат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/09) и врз основа на Решение за овластување за потпишување на акти и решавање на прашања и други работи од надлежност на Секторот агрохемија со бр. 02-8521/1 од 16.08.2018 година.

Од горенаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:Против ова решение може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос, во рок од 15 дена од денот на добивање на ова решение.

**Овластен раководител**
**на сектор за Агрохемија**
**Александар Диљe**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
-Правно лице- Барателот
-Архива
-Државен инспекторат за земјоделство

Изготвил: Мерлина Чалаковиќ
Контролирал: Стефанка Стојковиќ
Согласен: Фикрет Ајдини